FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

# Резиме на активностите реализирани до крајот на 2012 година

**Износ: 2.144.881 ЕУР**

Сите програми на Фондацијата во 2012 година дадоа придонес во постигнувањето на целите од трите области на стратегиските приоритети: ***забрзување на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ; поттикнување на граѓанското учество и активизам; и интеграција на Ромите, младите и социјално маргинализираните групи.***

ФООМ го оствари предвидениот напредок во однос на стратегискиот приоритет ***забрзување на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.*** Четирите *Извештаи од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ* и трите брифови за јавни политики беа многу важен извор на информации за пратениците, за граѓанското општество и за медиумите при оценувањето на усогласеноста на владините политики и практики со целите поставени од *Европската комисија (ЕК)*. Во својот Извештај за напредокот на Република Македонија за 2011 година, *Европската комисија* вклучи голем дел од наодите презентирани во Извештаите на ФООМ од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ. Застапувањето во процесот на програмирање на финансиската помош на ЕУ (ИПА) резултираше со избор на еден претставник од ФООМ како член на *Секторскиот комитет за мониторинг на ИПА-компонентата I: Техничка помош и градење на институциите.* Формирани се тимови во сенка (секој тим брои повеќе од 15 претставници на граѓанското општество), кои се во можност да дадат придонес во идните преговори за членство во ЕУ за поглавјата: судство и темелни права, социјална политика и вработување, конкуренција и заштита на потрошувачите. *Институтот за европски политики од Берлин* подготви и испорача специјализирана програма за обука и во соработка со Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО) разви план за менторство.

Целите поврзани со остварувањето влијание врз образовните политики за сеопфатни европски реформи се постигна преку ефективни обуки за градење капацитети на група од 25 професионалци во областа на образованието. ФООМ соработуваше со *Центарот за образовни политики(ЦОП)/Педагошкиот факултет* во Љубљана на подготовка и испорака на девет модули за обука за образовни политики, кои завршија во декември. Во следниот период, под менторство на ЦОП, учесниците на оваа обука имаат задача да го применат стекнатото знаење и да ја надополнат обуката со подготовка на документи за јавни политики, брифови и/или истражувања за клучни прашања од областа на образованието, што подразбираат реформа на македонското образование.

Во рамките на *Регионалната програма за поддршка на истражувања (РППИ) во Западен Балкан,* која ја спроведува Универзитетот Фрибург, а финансиски ја поддржува Швајцарската агенција за развој и соработка, постигнат е напредок во поглед на поддршката за истражувачи за тие да дадат придонес во социјалните, економските и институционалните реформи во регионот. Одобрени се

финансиски средства за дополнителен регионален истражувачки проект со фокус на монетарните трансфери во Македонија, во Босна и Херцеговина и во Косово, чиј носител е истражувачка институција од Македонија. Во овој проект се вклучени осум истражувачи, од кои три се жени. Повеќе од 20 истражувачи од Македонија учествуваа во можностите за градење капацитети и за вмрежување што ги обезбеди оваа програма. Финансирани се четири документи за национални политики, кои имаат цел да ја збогатат дебатата за промоција на истражувачките политики во земјата.

Неколку иницијативи на македонски граѓански организации, поддржани преку *Програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства*, придонесоа во постигнувањето на предвидениот напредок. Секогаш иновативниот *Младински образовен форум* (МОФ), преку своето членство во неколку слични мрежи за *транспарентност во образованието,* разви синергии со регионални и меѓународни мрежи. Ваквите заложби беа наградени со импресивен интерес и присуство на 47 учесници од повеќе од 15 земји. Многу од нив се приклучија во мрежите како резултат на консултации меѓу колеги од мрежата на координатори при *Програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерства*. Мрежите се посветени на работа на зголемување на ангажманот за поголемо влијание на меѓународен план. Откако ги зајакна своите капацитети преку размена на знаења со мрежата CEE Bankwatch, НВО *Екосвест* од Скопје започна иницијатива за зајакнување на капацитетите на националната мрежа на граѓански организации и за спречување на изградбата на хидроцентрали *што можат да ги уништат флората и фауната* во националниот парк Маврово. Наодите од мониторингот беа презентирани пред Министерството за животна средина и просторно планирање и канцеларијата на Светската банка во Скопје за натамошно разгледување. Заложбите за промоција на користењето на информатички технологии во образованието и за создавање отворени и достапни знаења беа предмет на дискусија меѓу граѓанските организации и креаторите на јавни политики од регионот на конференцијата што ја организираше *Фондацијата Метаморфозис*. *СФЕРА НОВА* беше домаќин на претставници од граѓански организации и од локалните и регионалните власти од Молдавија за размена на искуства со нивните македонски колеги во врска со административно-територијалните реформи.

За да се зголеми отчетноста кај централната и кај локалната власт во начинот на трошењето на јавните пари, ФООМ во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) подготви компаративна анализа и 4 *Индекси на рационалоста*. Овие наоди добија големо медиумско внимание и послужија како релевантен извор на информации за новинарите, особено за оние што прават истражувачки стории за корупцијата. Дополнително беа подготвени 45 предлози за подобрување на системот за јавни набавки и беа поднесени до *Парламентот* во насока на менување и дополнување на Законот за јавни набавки, од кои шест предлози беа вградени во новоусвоениот закон. Во последниот *Извештај за усогласеноста на Македонија*, Групата на држави против корупција *(ГРЕКО)* ја препозна загриженоста на ФООМ во врска со финансирањето на политичките партии.

Извештаите од мониторингот на процесот на децентрализација и перформансите на 12 општини во областа на образованието, урбанизмот, фискалната децентрализација и на локалниот економски развој за периодот 2009-2012 година покажваа мал напредок во испораката на општинските услуги. Тие беа искористени од страна на општинските власти и од граѓаните како веродостоен извор на информации во процесот на креирање јавни политики и застапување за промена. Со цел да се зајакнат капацитетите на локалните граѓански организации за мониторинг на локалните власти, 10 организации беа обучени за следење на методологијата за мониторинг на надлежностите на општините и за трошењето на општинскиот буџет во 13 единици на локалната самоуправа.

Како резултат на заложбите за застапување на ФООМ, во *Националната програма за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2011 година* вградени беа конкретни буџетски алокации за имунизација на Ромите. Дополнителното застапување врз основа на наодите од последователниот мониторинг на буџетот и мониторингот во заедницата, кои се дел од програмата, резултираше во вработување на педијатар во една од таргетираните ромски заедници, гинеколог во најголемата ромска заедница и отворање амбуланта во една од руралните области со доминантно ромско население.

Заложбите за мониторинг на системот за бесплатна правна помош резултираа со регистрација на пет граѓански организации за обезбедување правни совети на околу 1.400 граѓани. Водечката организација меѓу обезбедувачите на бесплатна правна помош, *Македонското здружение на млади правници,* е дел од работната група на *Министерството за правда* задолжена за измени и дополнување на *Законот за бесплатна правна помош.*

Поддршката на ФООМ за осум граѓански организации што се дел од *Мрежата за заштита од дискриминација* резултираше во 16 случаи иницирани пред *Комисијата за заштита од дискриминација*. *Мрежата* објавува месечни извештаи за релевантни прашања од областа на антидискриминација. Од вкупно 25 случаи отворени пред *Комисијата за заштита од дискриминација*, 17 се поднесени од страна на *Мрежата.*

По иницијатива на ФООМ, на 9 април 2012 година *Уставниот суд* поништи неколку одредби од *Законот за лустрација*. За да ги процени капацитетите на *Комисијата за верификација на фактите* за спроведување на процесот на лустрација во согласност со меѓународните стандарди за заштита на човековите права, ФООМ направи истражување за процесот на лустрацијата.

Како дел од едицијата „*Примената на законите под лупа*“, во 2012 година беа објавени детални анализи на законски акти, кои имаат цел да ја оценат соодветната имплементација на неколку клучни реформски закони усвоени во насока на хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Во текот на 2012 година објавени беа следниве публикации/анализи: (1) *Повеќе труд за подобар суд: Судската заштита на човековите права во управен спор*; (2) *Прекршочен орган: позитивна реформа?*; (3) *Извештај во сенка за комисија во сенка: Извештај за работата на Комисијата за заштита од дискриминација во првата година од нејзиното постоење*; (4) *Парламентарната контрола над Владата во Република Македонија*; и (5)

*Македонската лустрација (1999 – 2012): настани, изјави, наслови; Примена на лустрациските прописи*.

Напредок во промоцијата на примената на принципите за човековите права во испораката на здравствените услуги е постигнат преку континуирана соработка во рамките на мрежата на правници/адвокати и претставници на граѓански организации што работат на полето на заштита на правата на пациентите од различни маргинализирани групи (корисници на дрога, сексуални работници, лица што живеат со ХИВ, Роми, лица со интелектуална попреченост, итн.). Направената анализа на *Законот за правата на пациентите* со посебен фокус на маргинализираните групи и препораките за контрола на квалитетот на здравствените услуги и механизмите за заштита на правата на пациентите беа презентирани пред претставници од релевантни здравствени институции. Со цел информациите за правата на пациентите да бидат подостапни за маргинализираните заедници, подготвени и дистрибуирани се четири *Брошури за заштита на правата на пациенти* (со фокус на Ромите, корисниците на дрога, лицата со интелектуална попреченост и генералната популација). Последователниот број на посети на тематската веб-страница http://www.healthrights.mk/ ја потврди потребата од вакви информации за здравствените работници и за генералната популација.

Преку својата месечна продукција на повеќе од 60 медиумски прилози на теми поврзани со ЕУ, седум обучени млади новинари ангажирани во националните електронски и печатени медиуми го подобрија квантитетот и квалитетот на јавната дебата. Објавени се пет извештаи *Медиумско огледало* и тие се дистрибуирани до сите медиуми и до релевантните домашни и меѓународни институции. *Мрежата за алтернативна печатена дистрибуција* овозможи слободен пристап за граѓаните до независното дневно и неделно списание *Фокус.* Десет *онлајн медиуми* станаа алтернативни извори на информации. Активностите на *Центарот за развој на медиуми* поврзани со слободата на медиумите резултираа со континуирано меѓународно внимание за влошената слобода на медиумите.

ФООМ значително придонесе во ***поттикнувањето граѓанско учество и активизам*** како реакција на недемократските политики и практики и во насока на реафирмирање на вредностите на отвореното општество, преку активности за јавно застапување и јавно изразување критички ставови. Движењето *Граѓани за европска Македонија (ГЕМ)* организираше 31 дебата на национално ниво со вкупно 3.505 учесници. 62 граѓански организации, неформални групи, издавачки куќи и тинк-тенк организации организираа 181 јавен настан со вкупно 3.834 учесници во *ГЕМ-клубот* во Скопје за прашања поврзани со човековите права, младите, маргинализираните групи, родовата еднаквост, идентитетот и историјата, реформите на институциите, граѓанскиот активизам, пристапувањето во ЕУ, итн. Во 2012 година, вкупно 33 дебати беа пренесувани во живо и привлекоа дополнителни 2.650 посетители.

*УСАИД* ги препозна заложбите за поддршка на граѓанското општество, што резултираше со потпишување Договор за соработка за имплементација на *Проектот на УСАИД за граѓанско општество* во вкупен износ од 2,5 милиони УСД (за периодот февруари 2012 – август 2014). Тоа ѝ

овозможи на ФООМ да ги прошири своите интервенции преку шеми за грантови за граѓанските организации, односно повеќе од 26 грантови беа доделени на граѓански организации за проекти поврзани со граѓанскиот активизам, мониторингот, застапувањето, соработката и со вмрежувањето, а активностите за градење капацитети за граѓански активизам опфатија 640 претставници од младински и од граѓански организации и се фокусираа на младите и на онлајн алатките за активизам.

ФООМ финансиски поддржа пет иницијативи на граѓански организации и поединци, кои со своите активности го поттикнуваат и го развиваат интеркултурно разбирање и соработката меѓу граѓаните од различна етничка припадност. Преведени беа пет книги за македонската историја и идентитет од видни странски автори, кои послужија како основа за организирање информативни дебати со 680 учесници. Уметници од општина Шутка направија спој на ромски хип-хоп и традиционална ромска музика и одржаа концерти во Македонија, Србија, Хрватска, Австрија, Данска и Унгарија и снимија нов албум насловен *„Јас сум андерграунд“ (Me sijum underground)*. Во конкуренција со повеќе од 300 други музичари, групата беше избрана да настапува на 2012 *ClubBalkan Stage* на музичкиот саем *Вомекс* во Солун.

Програмата *Форуми во заедницата*, финансирана од *Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC)*, која се спроведуваше во 11 општини, резултираше со усвојување на модел за партиципативно донесување одлуки, кое стана дел од општинските статути. Со последниот *Меморандум за разбирање* потпишан меѓу ФООМ и *SDC* во 2012 година се продолжува програмската соработка и се обезбедува поддршка за уште пет нови општини. Избраните иницијативи се кофинансирани од страна на општините.

ФООМ постигна значителен напредок во постигнувањето на целите зацртани во рамките на стратегискиот приоритет ***Интеграција на Ромите, младите и социјално маргинализираните групи.*** Како и во претходните години, најголем напредок е постигнат во однос на заложбите на ФООМ за обезбедување поголем пристап до квалитетно образование за Ромите. Повеќе од 1.000 корисници опфатени со *Програмата за образование на Ромите* продолжија да покажуваат многу подобри резултати за разлика од учениците Роми што не учествуваа во проектот. Повеќе од половина од 84-те дипломирани студенти се вработени во меѓународни организации или во државната и во јавната администрација, и се во позиција директно да влијаат врз политиките што ги засегаат Ромите.

Обемното портфолио за образование на Ромите ги зајакна стратешките партнерства со други донатори. Одобрувањето на дополнителни 1.050.000 долари од *УСАИД* и 120.000 евра од *Детската фондација Песталоци* овозможи продолжување на активностите до мај 2014 година, додека, пак, грантот во износ од 35.000 евра од *Програмата за образование на Роми* ги поддржува активностите на *Ромавериѕтас* за академската година 2012/2013.

*Министерството за образование и наука* продолжи со спроведувањето на проектот за стипендирање и менторство на средношколци Роми, кој го презеде од *Програмата за образование на Роми* во 2008 година. *Програмата за образование на Роми* беше избрана за

*Каталогот на добри практики за инклузија на Ромите* подготвен од проектот финансиран од ЕУ за поддршка на имплементацијата на *Националната стратегија за инклузија на Ромите.*

Успешната имплементација на *Програмата за медицински стипендии за Ромите* резултираше со зголемување на бројот на студенти на медицинските факултети (72 студенти) во академската година 2012/2013 (49 студенти беа поддржани во првата година од спроведувањето на оваа програма) и придонесе за развивање на ромско лидерство во здравството. Во академската 2011/2012 обезбедени беа дополнителни 106 стипендии преку *Програмата за стипендирање на студенти-Роми*.

Иако зададените цели беа целосно исполнети, постојната стратегиска средина налага повеќе време и поголеми заложби за намалување на јазот меѓу младите и вредностите на отвореното општество. Во рамките на Програмата *„Младите за отвореното општество"* обучени се повеќе од 1.000 млади лица за граѓански активизам, за дебата и за правата на младите. 700 лица учествуваа на национални и на меѓународни турнири за дебата, како и на други младински настани. Околу 300 млади учествуваа на летната академија организирана на тема *Слобода на демократскиот стоп.* Интеретничкиот приод е дел од сите активности и клубовите доволно созреаја за редовно да манифестираат мултикултурни вредности. Онлајн-*радиото МОФ,* кое го водат 80 студенти од различна културна и етничка припадност, произведува редовна програма за младинските политики и за младинското учество и активизам.

Со цел да ја поддржи законската заштита на здравствените права на социјално маргинализираните заедници (ЛГБТИ популација, сексуални работници, корисници на дрога, лица што живеат со ХИВ и Роми), во 2012 година ФООМ обезбеди континуирано градење на капацитетите на вработените во граѓански организации, и со тоа придонесе во градењето атмосфера за одржлива соработка, комуникација и заедничко дејствување во контекст што генерира преклопување на проблемите на различните маргинализирани заедници. Покрај редовниот *Годишен извештај за сексуалните и здравствените права на социјално маргинализираните заедници,* иницирани се стратегиски постапки во 14 случаи преку кои се обезбедува застапување за различни социјално маргинализирани групи (корисници на дрога, трансродови лица и лица што живеат со ХИВ). Дополнително на тоа, застапувањето за соодветен антиретровирусен третман, кој го спроведе неформална група за поддршка на лицата што живеат со ХИВ, резултираше со формирање на *Интерпарламентарна група за ХИВ.*

Направен е значаен придонес за зголемување на капацитетите и на ангажирањето на ромските граѓански организации за тие да ги унапредуваат здравствените права на Ромите. *Програмата за параправна помош во заедниците* почна успешно да се спроведува во две општини. Организациите што обезбедуваат параправна помош се препознаени и се прифатени од заедницата како застапувачи во име на Ромите, но и од страна на релевантните институции (*здравствените домови, подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување* и *единиците на локалната самоуправа)* како важен линк до заедницата, а, во исто време, работат на воведување промени во здравствените политики и закони. *Моделот на ромски здравствени*

*медијатори,* развиен со поддршка на ФООМ, прифатен е и финансиран од *Владата* како иновативен приод за подобрување на испораката на здравствени и социјални услуги за Ромите. Исто така, *моделот на ромски здравствени медијатори* е избран во гореспоменатиот *Каталог на добри практики за инклузија на Ромите.*

*Проектот за легализација на домувањето на Ромите* ја искористи ретката и временски ограничена законска можност да им помогне на сиромашните ромски домаќинства да добијат законска сопственост врз своите домови, а со тоа да бидат посигурни во закрепнувањето од последиците на економската криза. Проектот обезбеди мониторинг, правна помош и застапување за олеснување на процесот на легализација. Воспоставениот *Фонд за легализација на домовите на Ромите* обезбеди микрозаеми без камата за покривање на трошоците поврзани со законските и со административни постапки за легализација. Овој проект е предвиден да се спроведува во период од три години, до почетокот на 2015 година, а дотогаш се очекува повеќе од 1.300 ромски семејства да добијат помош за стекнување сопственост врз нивните домови. Во 2012 година, воспоставената база на податоци вклучуваше околу 1.500 предмети за легализација и беа обезбедени околу 50 правни совети и 185 заеми.

**Партнерства**

ФООМ применува комбинација на следниве приоди за идентификување и избор на своите стратешки партнери и организации: 1) ангажман и соработка со осамостоените организации поради нивните специфични знаења, вештини и со цел искористување на претходните инвестиции од ФООМ. На пример, проектите на ФООМ поврзани со Европската Унија се спроведуваат во соработка со *Македонскиот центар за европско* образование, како една од малкуте организации со релевантна експертиза за прашањата поврзани со ЕУ, додека, пак, Програмата за образование при ФООМ тесно соработува со *Младинскиот образовен форум*, кој има екстензивно портфолио и искуство со мобилизација на младите; 2) отворени повици за институционални, програмски и грантови за вмрежување за широк спектар граѓански организации што работат на прашања од заеднички интерес со ФООМ. Пример: Шеми за грантови на *УСАИД* и ФООМ за граѓански организации; 3) ФООМ често ги идентификува своите стратешки партнери преку работа со конкретни целни публики или на конкретни прашања (Роми и други маргинализирани групи, застапување преку медиумите, итн.) во соработка со *Мрежните програми на Фондациите отворено општество,* каков што е случајот со *Мрежата за медиуми и Програмата за јавно здравје.*

**Партнерски организации:** Младински образовен форум (МОФ), КХАМ, Врама си, Дендо вас, Помош за сиромашните и хендикепираните, Македонски центар за европско образование (МЦЕО), Центар за граѓански комуникации (ЦГК), Центар за локален демократски развој (ЦЛДР), Македонски здружение на млади правници (МЗМП), Транспарентност Македонија (ТМ), Македонски Хелсиншки комитет за човекови права (МХК), Опции за здрав живот ХОПС – Скопје, ХЕРА, Коалиција „Здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници", РОМА СОС, Здружение за солидарност и еманципација на жените (ЕСЕ), Републички центар за поддршка на

лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, Центар за развој на медиуми (ЦРМ), НВО Инфоцентар, НВО Реактор – Истражување во акција, Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, Фондација Метаморфозис, МИА – Здружение за здравствено просветување и унапредување на здравјето, Ромски ресурсен центар, ЦДРИМ – Центар за демократски развој и иницијативи , ЛИЛ – Здружение на образовни работници за заштита на правата на жените и децата, Универзитетот Фрибург, СФЕРА НОВА - Институт за динамичен развој, ЕКО Свест – Центар за истражување и информирање за животната средина, Хабитат Македонија, Национален ромски центар.

**Донатори:** УСАИД, Детска фондација Песталоци, Ромски образовен фонд, Швајцарска агенција за развој и соработка, Хабитат Македонија.